ПАТРИМОНИУМ.МК, година 18, број 23 / 2025
УДК 902.2:551.7(497.714)“634“
УДК 903.2(497.714)“634“

Перо СИНАДИНОВСКИ, Сашко ВАСИЛЕВСКИ
Јовица РИСТОВ, Раде АТАНАСОВ, Наталија МАРЧЕВСКА

АРХЕОЛОШКИ ИСКОПУВАЊА НА ЛОКАЛИТЕТОТ БЕГОВО ПОЛЕ КАЈ с. ДРЕНОВО, КАВАДАРЦИ

Клучни зборови: *неолит, тиквешија, стратиграфија, културни слоеви*



Сл. 1. Географска позиција на Тиквешкиот Регион (Google Earth)

Апстракт: *Археолошкиот локалитет Бегово Поле кај с. Дреново претставува нов локалитет во Тиквешијата, кој случајно беше откриен од страна на Сашко Василевски во 2009 год. Во 2014 год. беа направени рекогносцирања, при што беше пронајден керамички материјал од неолитскиот и римскиот период. Во 2025 год. за прв пат беа реализирани археолошки истражувања на ова место, коишто овде ќе бидат подетално презентирани. Поради тоа што керамичкиот материјал тековно се обработува, овде ќе бидат приложени само неколку фрагменти, додека пак подетално ќе бидат презентирани местоположбата, стратиграфијата и недвижните структури кои беа пронајдени на овој неолитски локалитет.*

Местоположба на населбата

Тиквешкиот регион претставува една интересна, засебна географска целина, сместена во централна Македонија, помеѓу поголемите котлини, од запад Пелагонија, и од североистокисток Овче Поле (сл. 1). Конекциите помеѓу овие котлини можеме да ги следиме од најраните праисториски периоди, па до ден-денешен, така што Тиквешијата овде се јавува како една „гранична“ регија помеѓу нив. Во спротивен правец пак, од север кон југ, овде поминува реката Вардар, односно познатата „Вардарска трансверзала“ којашто исто така има континуитет на експлоатација од околу 8 000 год. Таквата местоположба на Тиквешијата, како и поволните услови за живот која таа ги нуди,



Сл. 2. Позиција на населбата со позиционирани сонди (Google Earth)

овозможиле овде уште во неолитскиот период да се населат првите земјоделски заедници, кои пристигнале од југ, односно од Анадолија.

Тиквешијата природно е затворена од јужната страна, од каде се издига Кожув, со неговите рудни богатства, пасиштата и богатиот шумски фонд на дрвја. Од овде извираат реките Бошава и Дошница, кои течат кон североисток, односно кон север, уливајќи се во Вардар кај Демир Капија, која пак го затвора Тиквешкиот Регион од југоисточната страна. Од западната страна на Тиквешкиот Регион се протегаат планините Козјак од југозапад, Дрен и Бабуна кон север, сè до Клепа, која се издига северозападно од котлината. Преку течението на Црна Река оваа географска целина е поотворена кон север, односно кон уливот во Вардар, од каде што комуникацијата е полесна кон Велешко и преку реката Брегалница кон Овче Поле и Кочанско. Источната граница на Тиквешијата завршува со планината Серта, како и со Градешката Планина од југоисток. Рељефот во оваа географска целина е релативно разигран, така што во внатрешноста се распространети помали или поголеми ридови, со заоблена (тумбеста) форма, кои завршуваат со разновидни, стари езерски тераси.

Што се однесува пак до хидрогеографската слика на овој регион, може да се каже дека животот овде се одвива главно околу неколку поголеми или помали реки, кои се издвојуваат од околината (сл. 1). Низ оваа котлина, во правец од југ кон север поминува реката Вардар, која овде навлегува во Демиркаписката Клисура, односно природната врата која ја дели тиквешијата од Гевгелиско-валандовската Котлина и долното течение на Вардар. Црна Река течејќи од запад, од Пелагонија, навлегува во Тиквешкиот Регион, од југозападната страна и тече кон север-североисток, сè до уливот во Вардар. Токму оваа река се јавува како една природна рута за комуникација помеѓу овие две географски региони. Како позначајна, односно поинтересна река во таа смисла, се јавува реката Раец, која извира на 1550 мнв., од северните ограноци на планината Дрен, под врвот Студеница (1663 мнв.). Оваа река тече во правец кон исток, создавајќи ја Раечката Клисура, која завршува кај с. Дреново, од каде што се отвара кон Тивешијата. Раечката Клисура овде се јавува како главна трансверзала преку која поминуваат главните патишта од неолитскиот период, римскиот, па сè до ден-денешен. За тоа сведочат населбите од неолитскиот период, но пред сè патот што овде минувал во римско време, поврзувајќи ги трите најзначајни градови во тоа време: Хераклеја (Битола)-Стибера (Прилеп) и Стоби (Градско) (Микулчиќ 1999, 228-230).

Токму на едно такво место се наоѓа и археолошкиот локалитет Бегово Поле, кој е сместен на околу 700 м. западно од уливот на Раец во Црна Река, каде што на површина од околу 250x250 м. се среќаваат фрагменти од неолитска грнчарија (сл. 2). Оваа населба се јавува како последна (седма) населба по течението на Раечка Река, околу која досега се регистрирани 6 неолитски локалитети (Темелкоски, Миткоски 2008; Синадиновски 2016). Населбата била подигната на едно тумбесто возвишение со висина од околу 10-тина метри, пресечено од источната страна од ислевањата на Црна Река во минатото.

Сл. 3. Сонда 1-по завршување на истражувањето (фото: Благоја Китановски)

Археолошки ископувања во 2025 год.

Со цел да ја дефинираме стратиграфијата на населбата и нејзината културна и хронолошка припадност, во 2025 год. беа реализирани првите археолошки ископувања на оваа населба, кои делумно ја потврдија претходната хронологија, и дадоа значајни податоци за стратиграфијата и материјалната култура на населбата. На централниот дел од тумбата, на парцелата предвидена за истражувања, беа поставени три сонди, односно сонда 1 на западниот крај од нивата, а на околу 30 метри кон исток беа постевени сонда 2 и сонда 3, позиционирани на источниот крај од нивата (сл. 2). Во овие сонди беше дефиниран неолитски хоризонт, со четири културни слоеви, како и римски хоризонт, кој треба допрва да се истражува и дефинира.

Сонда 1

Димензиите на оваа сонда изнесуваат 11x3 метри, со ориентација исток-запад (сл. 3). Во текот на ископувањата беа дефинирани три културни слоеви од неолитскиот период, коишто имаа идентична боја и структура на земјата, издвојувајќи се помеѓу себе најчесто со потенок слој од сивкасто-црна боја, која секогаш, делумно ја прекрива основата на културниот слој. Се работи за еден слој настанат од остатоци од органски материи, пепел, со помрсна структура на земјата. Во продолжение накратко ќе бидат презентирани пронајдените археолошки остатоци во културните слоеви, со краток осврт на материјалната култура и нејзината културно-хронолошка вредност.

Прв културен слој-Бегово Поле IV

Во првиот културен слој, на целата површина на сондата беше пронајдена интересна ситуација, од повеќе целини на недвижни и движни наоди (сл. 4). Остатоците од овој културен слој беа дефинирани претежно на источната половина од сондата, кадешто in situ беа пронајдени неколку камени мелници и керамички фрагменти (сл. 5). На средишниот дел од сондата беа пронајдени остатоци од подницата од огниште или печка, чијашто супструкција била околу 30 см. вкопана

Сл. 4. Сонда 1-прв културен слој
(фото: Перо Синадиновски)

Сл 5. Сонда 1-прв културен слој-источна половина на сонда (фото: Перо Синадиновски)

Сл. 6. Сонда 1-втор културен слој со римски питос (фото: Перо Синадиновски)

во форма на квадратна јама, со должина од 70 см. на страните. Околу супструкцијата, на еден појас од 30-тина см. беше дефиниран слој со запечена сива земја, најверојатно остатоци од горниот дел од грејното тело. Во супструкцијата на ова огниште покрај необработуваниот речен камен, беа откриени две поголеми, фрагментирани камени мелници, како и неколку помали фрагменти, исто така од камени мелници. Од северната, јужната и западната страна на огништето, на околу 80 см. растојание, беа дефинирани јами од колчиња, кои најверојатно биле дел од покривна конструкција над самото огниште. Според поставеноста на колчињата, отворот бил кон исток, каде што беа пронајдени 6 камени мелници, голема количина на керамички фрагменти и коскен материјал, како и една јама, која беше покриена со подебел слој од пепеласта земја.

Откриената ситуација во овој културен слој, јасно покажува дека ова место било користено за активности на отворено, поврзани, несомнено со производство на храна, за што сведочат и камените мелници. Присуството на огништето или печката, која била отворена кон исток, јасно кажува дека активностите околу неа се одвивале од источната страна. На тој потег беа пронајдени ре-

Сл. 7. Сонда 1-трет културен слој со јамата и питосот од римско време (фото: Перо Синадиновски)

чиси сите камени мелници, распоредени на еден простор од околу 10 м², простор во кој се припремала и консумирала храната, се спремале дрвјата за огрев, се поминувал одреден период од денот. Непотребните состојќи и остатоците од чистењето на просторот најверојатно биле депонирани во јамата која што беше пронајдена до источниот профил. Не треба исто така да се исклучи и можноста во оваа јама да биле складирани одредени хранливи намирници, кои овде биле заштитени од надворешни влијанија, како и од животни.

Втор културен слој-Бегово Поле III

Вториот културен слој во сонда 1 беше дефиниран на површина од 21 м² (сл. 6). На оваа површина, во западната половина на сондата беше пронајдена една групација на мали и средно големи речни камења и керамички фрагменти, кои беа положени во супструкција од огниште, со неправилна овална форма, вкопано околу 15-тина см. во основата. Северно од огништето се појавија две јами, непосредно една до друга, именувани како Јама 1 (западна) и Јама 2 (источна), со идентична овална форма и димензии на вкопување од 40x50 см. Источно од јамите, на околу 1 м., во североисточниот агол од сондата се појави црвена, запечена земја на површина од околу 2 м², најверојатно остатоци од лепеж од некој објект, кој бил пробиен од Јама 1 од првиот слој (сл. 6). На ова место беа дефинирани четири јами од колчиња, поставени во правец север-југ, со тоа што северната се наоѓа под тенкиот слој лепеж.

Според пронајдената ситуација во овој културен слој, можеме да забележиме дека, барем западниот дел од истраженото простор бил користен за активности кои се одвивале надвор од објектот, кој можеби бил изграден од дрвја, премачкани со тенок слој од земја. Таквиот објект, не мора да значи дека бил користен за домување, туку можеби се работи за некој привремен, помошен објект кој бил во корелација со огништето и јамите пронајдени во истиот слој.

Трет културен слој-Бегово Поле II

Овој најстар културен слој беше дефиниран на површина од 12 м², а се издвои како посебен во текот на дефинирањето на јама 1 од помладиот слој (сл. 7). Дебелината на овој слој изнесува до 10 см., а се карактеризира со црн слој на земја, настаната од интензивно горење на ова место. На истиот слој припаѓа и супструкцијата од огниште кое има неправилна овална форма со димензии од 1x1.30 м., вкопано околу 15 см. во земјата. Супструкцијата и овде била исполнета со ситни и средно големи речни камења, коски и керамика, од кои што поголем дел биле дислоцирани, можеби за полнење на супструкцијата на огништето од помладиот слој. Околу таквата вкопана структура беа пронајдени јамички од колчиња, кои најверојатно држеле одредена покривна конструкција над огништето, идентично како во првиот слој.



Сл. 8. Сонда 2-по завршување на истражувањето (фото: Благоја Китановски)

Иако овој културен слој беше дефиниран на релативно мала површина, сепак, според пронајдената ситуација, можеме да претпоставиме дека на ова место биле вршени дејности надвор од објектите за домување, на отворено. Се чини дека уште при подигањето на населбата, нејзиниот централен дел бил предвиден за стопански активности, што останало пракса до самиот крај на животот овде.

Римски културен хоризонт

Во оваа сонда, на ниво на првиот неолитски слој беше пронајден горниот дел од питосот, кој влегуваше во јужниот профил. Сондата беше дополнително проширена на овој простор, како би можеле да го ископаме самиот питос (сл. 3). По истражувањето на оваа целина, беше јасно дека питосот бил положен на западниот крај на една поголема јама, која беше делумно документирана, со ширина од 30-40 см. покрај јужниот профил, и 3.30 м. должина кон исток (сл. 3; 7). Питосот има има димензии од околу 1.30 м. ширина, и 1.20 м. висина, со топчеста форма, и извлечен обод, којшто беше пронајден внатре во садот. При ископувањето на земјата од јамата и внатрешноста на питосот, беа пронајдени поголем број на ситни фрагменти од тегули, римска и неолитска керамика, како и ситни фрагменти од камени мелници, коишто можеби завршиле овде при засипувањето на овие структури.

Оваа јама, во која бил чуван питосот припаѓа на римскиот период, односно можеме да ја поврземе со објектот кој беше детектиран во сонда 3. На ова место во римскиот период била складирана и чувана најверојатно зрнеста храна, која ги прехранувала луѓето кои живееле во римската вила, најверојатно позиционирана на околу 30-тина метри источно од јамата, кај сонда 3.

Сонда 2

Оваа сонда исто така беше поставена во правец исток-запад, со димензии од 4x3 метри (сл. 8). Структурата и бојата на земјата во која се заробени културните слоеви е идентична како во сонда 1, а истото може да се каже и за издвојувањето на еден слој од 10-15 см. со сивкасто-темна земја, која се наоѓа врз подното ниво. Токму врз основа на таа појава, како и поради распоредот и длабочината на вкопување на колчињата, овде беа издвоени четири културни слоеви, коипто допрва треба да се дефинираат и синхронизираат со сонда 1.

Сл. 9. Сонда 2-изглед на основа на сите четири слоеви (фото: Перо Синадиновски)

Првата, иницијална фаза, во сонда 2, најверојатно припаѓа на една постара фаза, којашто не можевме да ја дефинираме во првата сонда. Врз основа на висинската разлика, како и поради присуството на идентичен слој од црна земја во третиот слој во сонда 1, тие може да се синхронизираат помеѓу себе. Следејќи го таквиот стратиграфски редослед, вториот и првиот културен слој од сонда 2, можеме да ги синхронизираме со вториот и првиот културен слој од сонда 1. Таквата стратиграфска поврзаност помеѓу сондите, беше направена врз основа на висинската разлика помеѓу слоевите, различната структура на културните слоеви, како и распоредот и типот на движни и недвижни пронајдоци во самите слоеви.

Прв културен слој-Бегово Поле IV

И овде, како и во сонда 1, првиот културен слој се издвои со појава на сивкасто-темна земја, со дебелина од околу 15 см., под која делумно беа сочувани остатоци од подното ниво (сл. 9. Б.П. IV). Откриената ситуација овде по многу нешта може да се поврзе со најмладиот слој од првата сонда. Имено, и овде беше откриена јама (јама 5) којашто беше покриена со парчиња лепеж, кои потекнуваат најверојатно од некоја поголема структура. На сличен начин била затворена и јамата во сонда 1, врз која бил нанесен подебел слој од сивкасто-црна земја. Покрај оваа јама, во сонда 2 беа откриени уште четири јами (јама 1-4), како и неколку јамички од колчиња. На нивото на целиот културен слој беа пронајдени голем број на керамички фрагменти, коски, како и две камени мелници јужно од јама 5.

Откриените остатоци во овој слој, како што можеме да забележиме, повторно сведочат за активности на отворен простор. Интересно е тоа што овде беа пронајдени единствените камени мелници, коишто ги нема во постарите културни слоеви, идентична ситуација која беше документирана и во сонда 1. Исто така и појавата на јамите, односно јама 1 од првата, и јама 5 од втората сонда, покажуваат сличен третман по завршувањето на нивното користење, кога биле запечатени со темносива пепеласта земја, или со парчиња лепеж.

Втор културен слој-Бегово Поле III

И овде, како и во сонда 1, во вториот слој беа пронајдени остатоци од тенок слој црвена запечена земја, најверојатно од лепеж. Таквата земја тука се дефинираше како слој со неправилна овална форма со должина од околу 2.40 м. и ширина од околу 1.20 м. Околу оваа појава, во еден појас од околу 50 см. наоколу, се издвои сива,

Сл. 10. Сонда 3-ниво на рушевински слој од римскиот период (фото: Благоја Китановски)

набиена земја, која затвораше една површина од околу 3.30 м. должина и 1.5 м. ширина (сл. 9. Б.П. III). Некаде на средината на лепежот, од јужната страна, се појави една групација од средно големи речни камчиња, кои покажуваат ист правец на протегање, навлегувајќи во јужниот профил.

Откриената ситуација во вториот културен слој можеби сведочи за некаков објект, со мали димензии, кој имал тенки ѕидови од дрвена конструкција, премачкана со тенок слој на црвена земја, која беше пронајдена при ископувањето. И овде ќе ја истакнеме синхронизацијата со вториот културен слој од првата сонда, каде што беа пронајдени идентични остатоци, најверојатно од сличен објект. Тука сега се поставува прашањето дали во таа фаза, барем на овие позиции постоеле одредени, помали стопански објекти во кои можеби била складирана храна или пак дрвја за огрев? Одговорот на ова прашање мораме да го бараме на терен, но според откриените остатоци оваа година, сосема е можна една таква реконструкција на овој културен слој.[1]

Трет културен слој-Бегово Поле II

Овој културен слој се издвои од претходниот според присуството на еден слој од песок, измешан со црна земја, која пак имаше иста структура и боја како во третиот слој од првата сонда. Таквата појава најпрво беше детекирана во С/З агол на сондата, а на нејзините рабови беа пронајдени четири поголеми јамички од дрвени колчиња (сл. 9. Б.П. II). На спротивната страна од сондата беа пронајдени две јами, јама 1 со овална форма и димензии во укопот од 60x40 см., и јама 2 која навлегува во северниот профил.

Имајќи ја предвид малата истражена површина, не сме во можност да изнесеме добро аргументирана интерпретација за пронајдената ситуација во овој слој, но сепак, самата појава на јамите доволно добро сведочи за тоа дека овде станува збор за отворен простор од населбата.

[1] На таква интерпретација не наведува тоа што во 2014 год. при посетата на локалитетот беше пронајдена една дупка ископана од трагачи по мистериозни богатства, во која се гледаше моќен слој од изгорен лепеж, сочуван во големи парчиња. Тие остатоци несомнено припаѓаат на објект за живеење, а идентични на нив според боја и материјал се фрагментите лепеж кои беа пронајдени врз јама 5 од првиот културен слој. Овие структури сосема се разликуваат од тенкиот, црвен слој од земја која беше пронајдена во сонда 1 и сонда 2, затоа претпоставуваме дека тие не се остатоци од објекти за живеење.

Четврт културен слој-Бегово Поле I

Поради временското и финансиско ограничување, истражувањата на сондата продолжија само во југоисточната четвртина од сондата, на еден простор од 2x2 м. (сл. 9. Б.П. I). На таа површина јасно се издвои еден слој од сивкасто црна боја, околу која беа дефинирани 5 јамички од колчиња. До јужниот профил беа откриени две помали јами, јама 1 од западната страна, и јама 2 на околу 80 см. источно од првата јама.

За жал, се работи за сосема мала истражена површина, која сепак посведочи за постоење на овој, најстар културен слој во оваа населба, којшто не можевме да го детектираме во сонда 1. Во иднина, неопходно е проширување на овие сонди, со цел да ги документираме подобро овие културни слоеви, но и да го истражиме овој дел од населбата, во којшто, иако немаме стамбени објекти, сепак одредени индикации зборуваат за тоа дека на ова место можеби постоеле одредени стопански објекти, во кои биле одлагани алатки, дрвја, била подготвувана храна и тн.

Сонда 3

Оваа сонда беше поставена на местото каде што според сопственикот на нивата имало многу камења, тегули и друг градежен материјал. По проверката на местото, на самата површина затекнавме исто така голем број на камења, тегули, фрагментирана садова керамика, како и остатоци од тули од хипокауст од римскиот период. Таквата ситуација на теренот наложи отварање на една пробна сонда, со димензии од 3x3 м., позиционирана на 3 метри северно од сонда 2 (сл. 2). Поради ограниченото време за работа, оваа сонда беше документирана само до рушевинскиот слој, за кој може да се каже дека е доста голем, со многу камења, покривна керамика, фрагменти од садови и тн. (сл. 10).

Со оваа сонда беше остварена целта да се детектира присуството на римскиот културен слој, така што првично можеме да претпоставиме дека на ова место во римскиот период постоела римска вила, со цел комплекс на објекти околу неа, вклучивајќи ја и бањата, за која можеби сведочат тулите од хипокаустот.

Движни наоди

Како и кај секој археолошки локалитет, особено од неолитскиот период, најбројни наоди во една истражувачка кампања се фрагментите од керамички садови. Покрај нив, беа пронајдени и голем број на орудија од камен, разни секирки, длета, кремени ножиња, коскени игли, накит од школки и тн. Тие предмети ќе бидат презентирани подетално во некоја друга пригода, сега само накратко ќе се осврнеме на основните карактеристики на керамичкиот материјал.

После првичниот преглед на керамичките фрагменти од Бегово Поле, можеме да извлечеме неколку општи црти за основните типолошки и технолошки карактеристики на садовата керамика од овој локалитет. Доколку се погледне целиот материјал, ќе се забележи дека доминираат посветлите нијанси на бои на садовите, односно црвеникава, кафеава, окераста, со нивните разни нијанси кои не секогаш можеме да ги дефинираме. Што се однесува пак до фактурата на керамичкиот материјал, се чини дека и тука наједноставно би била поделбата на фина, осредна и груба керамика. Садовите кои имаат фина фактура се направени од добро прочистена глина, во која може да се забележи многу мал процент на ситни остатоци од камчиња. Површината на тие садови најчесто е премачкана со премаз од боја на „вински талог“, карактеристична технологија за неолитските локалитети од Пелагонија. Кај осредната керамика во глиненото тесто се забележува зголемен процент на ситни камчиња и други минерални додатоци, кои даваат дополнителна цврстина на садовите од оваа технолошка група. Грубата керамика е најбројна на овој локалитет, а се карактеризира со голем процент на органски и минерални додатоци во глиненото тесто. Тука би можеле да се издвојат две подгрупи, кои се разликуваат помеѓу себе според процентот, односно доминацијата на органските или минералните додатоци.

Типологијата на садовите од сите три технолошки групи покажува дека биле користени неколку основни форми на садови, кои се разликуваат според нивните пропорции и димензии. Таква појава може да се забележи кај конусните отворени чинии, грневидните садови, амфоресите садови, и поретко чашките. Конусните чинии може да имаат прави или благо заоблени ѕидови и рамно дно, со тоа што кај фината керамика дијаметарот на устието најчесто е околу 20 см., (сл. 11. 1, 2, 6), додека пак истите садови со груба фактура, имаат далеку поголеми димензии и дијаметар на устието, кое може да надминува и 50 см. (сл. 12. 1, 2). Како втора најзастапена форма се јавуваат грневидните садови, кои имаат топчест стомак со помалку или повеќе извлечен обод. Овие садови исто така се среќаваат кај сите технолошки групи. Интересно е тоа што, кај неколку примероци од грневидните садови е забележано дека и кај фината (сл. 11. 3, 4) и кај грубата керамика (сл. 12. 3, 4), дијаметарот на устието е околу 20-тина см., иако самата изработка на садовите, димензиите, дебелината и третманот на ѕидвите сосема се

разликуваат помеѓу себе. Садовите со фина фактура може да имаат повисоко-цилиндрично дно (сл. 11. 5), додека пак кај грубата керамика доминираат рамни дноа. За осредната и грубата керамика се врзуваат амфорестите садови, кои имаат висок обод и топчесто тело, со рамно дно во долниот дел (сл. 12. 5).

Ова би биле основните карактеристики на садовата керамика, кои беа изведени од првичниот преглед на керамичкиот материјал од Бегово Поле. По деталната обработка на керамичкиот материјал ќе бидеме во можност да ги провериме и надополниме овие прелиминарни податоци.



Сл. 11. Избор на керамички фрагменти со фина фактура (цртеж: Перо Синадиновски)

Културно-хронолошка интерпретација

Врз основа на претходно кажаното, можеме да забележиме дека се работи за една повеќеслојна населба од неолитскиот период, која на ова место опстојувала во текот на неколку векови. Сместена помеѓу неолитските културни групи Анзабегово-Вршник од источна Македонија, и Велушко-породинската група од Пелагонија, оваа населба практично се наоѓа на самата рута, преку која комуницирале населбите од овие култури. Анзабегово-вршник културната група своите почетоци ги има во раниот неолит, со својата I фаза, додека пак останатите фази од II-IV припаѓаат на средниот неолит. Во оваа културна група белото сликање на садовите се врзува за првата фаза, додека пак во следните, среднонеолитски фази доаѓа до појава и доминација на сликање со црна боја (Garašanin 1979; Санев 1995; Здравковски 2006; Митревски 2013). Од друга страна пак, на територијата на Пелагонија, белото сликање ќе се развива во текот на сите неолитски фази, како дел од Велушко-Породинската група, која има идентична хронологија како Анзабегово-Вршник културата (Симоска, Санев 1975; Симоска Санев 1976; Garašanin 1979; Тодоровић и др. 1987; Митревски 2013). Таквите карактеристики на керамичкиот материјал се однесуваат пред сè на садовите со фина фактура, со добра изработка и помали димензии. Последните апсолутни датуми за голем број на неолитски локалитети од овие културни групи, го сместуваат почетокот на раниот неолит околу 6300 год. Кај повеќе локалитети може да се забележи дека околу 6000 год. биле формирани, односно постоеле повеќе населби, кои најчесто го продолжуваат својот живот и низ следните неолитски фази (Gimbutas 1976; Наумов 2016; Fidanovski 2019; Наумов и др. 2024).

Кај населбата Бегово Поле, не само што нема црносликани орнаменти, туку речиси потполно недостасуваат пехарите на висока конусна нога, декорирани со црно сликање, како ни познатите амфори декорирани со иста техника. Овие форми се карактеристични токму за Анзабегово-Вршник културната група, која најверојатно имала посилни конекции по горното течение на реката Вардар, односно Полошко, Скопско, Кумановско и поширокиот ареал на Овче Поле (Здравковски 2003; 2006). Истото се однесува и за белосликаните орнаменти кои се јавуваат кај населбите од Пелагонија, а потполно недостасуваат во Бегово Поле, каде не беше пронајден ниту еден фрагмент



Сл. 12. Избор на керамички фрагменти со груба фактура (цртеж: Перо Синадиновски)

со бела декорација. И покрај тоа, во керамичкиот материјал, особено кај фината керамика, јасно се забележуваат влијанија од населбите од Пелагонија, тука пред сè мислејќи на конусните чинии (сл. 11. 1, 2) и садовите со топчесто тело и мал извлечен обод (сл. 11. 3, 4).

Доколку ја погледнеме повнимателно керамиката од Врбјанска Чука обработена од Темелкоски и Миткоски (2008), можеме да забележиме доста сличности во формата на садовите, а според опис от, и во самата фактура и третман на површината. Истото се однесува и за керамиката од населбата Чука кај с. Тополчани, каде се документирани идентични садови (Китаноски 1977; Китаноски и др. 1978) Се чини дека токму овде ќе треба да се бараат главните аналогии за локалитетот Бегово Поле, којшто, во тој случај би можел да биде сместен во првите 3-4 векови од 6 мил п.н.е. (Наумов 2016; Наумов и др. 2024). Што се однесува пак до културната припадност на заедницата која овде живеела, можеме првично да кажеме дека во времето на раниот и среден неолит, Велушко-Породинската културна група имала поголеми влијанија врз населбите од Тиквешијата, како што е забележано и кај локалитетот Чаковец, кај с. Ресава (Sanev 1987; Василевски 2019). За влијанијата од Анзабегово-вршник културата ќе можеме да зборуваме после деталната обработка на керамичкиот материјал, во кој најверојатно ќе се појават одредени индикативни фрагменти, преку кои ќе успееме да ги препознаеме тие конекции. Доколку ја синхронизираме населбата Бегово Поле со овие две културни групи, можеме да претпоставиме дека оваа населба била подигната кон крајот на првите фази од културите, продолжувајќи го својот живот во текот на следните II-IV фази, згаснувајќи паралелно со населбите од запад, од Велушко-Породинската култура.

Според досегашните општи сознанија за керамичкиот материјал, односно за фината керамика, која е доста поподатлива од грубата керамика, можеме да препознаеме посилни влијанија од западните неолитски заедници. Што се однесува пак до грубата керамика, таа покажува една технолошка унифицираност, пред сè со доминацијата на садови кои имаат голем процент на органски материи во глиненото тесто. Оваа технолошка група се јавува како доминантна во раниот и средниот неолит, ситуација која ќе се промени во доцниот неолит, кога речиси сосема ќе исчезне таа фактура.

Завршни разгледувања

Несомнено, местоположбата на овој локалитет дозволила, односно овозможила живот на ова место во текот на првата половина на 6 мил. п.н.е. Распространета на површина од околу 250x250 м., оваа населба претставувала своевиден центар во Тиквешкиот Регион во неолитскиот период. За културниот развој на населбата се чини дека Раечка Река одиграла пресудна улога, поврзувајќи ја оваа населба со неолитските заедници од Пелагонија. За таквите контакти, како што видовме, сведочи керамичкиот материјал, особено фината

керамика со боја на вински талог, карактеристични за населбите од Велушко-породинската група.

Откриените структури, движни и недвижни наоди при истражувањата во 2025 год., покажуваат дека на ова место се развивала четирислојна неолитска населба. Според откриените остатоци во сонда 1 и сонда 2, можеме да кажеме дека овој, централен простор во континуитет бил користен на идентичен начин, како место каде се наоѓале огништата, каде се припремала храната, каде се чувале дрвјата за огнот, на место кадешто била одржувана неолитската заедница во текот на неколку векови.

Доколку се навратиме на огништето од третиот културен слој од сонда 1, можеме да забележиме дека неговата суструкција била исчистена од камењата и другиот материјал, оставајќи само неколку камења и коски внатре. Тука се поставува прашањето дали ова огниште било исчистено за да се пополни супструкцијата на огништето од вториот слој? Исто така значајна е појавата на камените мелници, кои се јавуваат како една специфична појава, која се врзува исклучиво за првиот културен слој. Можевме да видиме дека и во двете сонди мелниците потекнуваат од најгорниот слој, а речиси воопшто ги нема во постарите слоеви. Тука за крај можеме да си го поставиме прашањето за тоа, дали камените мелници биле пренесувани од колено на колено, а со тоа и посебно, заштитнички третирани, преживувајќи повеќе генерации во една неолитска заедница?

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Кирилична

Василевски С. 2019. Тиквеш во праисторијата. Магистерски труд. Универзитет Св. Кирил и Методиј-Скопје

Здравковски Д: 2003. Среден неолит во горновардарскиот регион. Магистерски труд. Универзитет св. Кирил и Методиј. Скопје

Здравковски Д. 2006. Генеза и развој на Анзабегово – Вршничката културна група. Докторска дисертација. Скопје: 2006

Китаноски Б. 1977. Неолитска населба Чука кај село Тополчани. *Macedoniae Acta Archaeologica* 3. Скопје. 27-42

Китаноски Б., Симоска Д. и Тодорович Ј. 1978. Нови археолошки истражувања на населбата Чука во Тополчани кај Прилеп. *Macedoniae Acta Archaeologica* 4. Прилеп. 9-32.

Микулчиќ И. 1999. Анточки Градови во Македонија. Книга 8. Скопје. 1999

Митревски Д. 2013. Праисторија на Република Македонија. МАКЕДОНИЈА – милениумски културно–историски факти. Скопје. 83-266

Наумов Г. 2016. Калибрирана хронологија на неолитските тумби во Пелагонија. Неолитот во Македонија: Нови сознанија и перспективи. Скопје. 67-96

Наумов Г., Мачковска В., Антолин Ф., Сабанов А. И Фросар Д. 2024. Истражување на археолошкиот локалитет Врбјанска Чука во 2024 год. Патримониум. Год. 17, број 22. Скопје. 15-42

Симоска Д., Санев В. 1975. Неолитска населба Велушка тумба кај Битола. *Macedoniae Acta Archaeologica* 1. 25-85

Симоска Д., Санев В. 1976. Праисторија во централна Пелагонија. Битола. Народен Музеј Битола

Симоска Д., Санев В. 1975. Неолитска населба Велушка тумба кај Битола. *Macedoniae Acta Archaeologica* 1. 25-85

Симоска Д., Санев В. 1976. Праисторија во централна Пелагонија. Битола. Народен Музеј Битола

Темелкоски Д., Миткоски А. 2005. Садова керамика од Врбјанска Чука. *Macedoniae Acta Archaeologica* 16. Скопје. 29-53

Темелкоски Д. и Миткоски А. 2008. Доцнонеолитска населба Кутлине кај село Ракле. *Macedoniae Acta Archaeologica* 18. Скопје: 93-108

Тодоровић Ј., Симоска Д., Китаноски Б. 1987. Осврт врз резултатите од археолошките истражувања на праисторијата во Пелагонија. Зборник на трудови 6-7-8. Битола. 5-24.

Латинична

Fidanovski L. 2019. The beginning of the end: the story of the Neolithisation of North Macedonia. European Prehistory Vol. 15. no. 1-2: 163-212

Garašanin M. 1979. Centralnobalkanska zona. *Praistorija Jugoslavenski hzemalja* II, *neolitsko doba*. Sarajevo: 79–213.

Gimbutas M. 1976. Chronology. Anza, Neolithic Macedonia, As reflected by Excavation at Anza, Southeast Yugolslavia. Los Angeles: The regensts of the university of California: 1976. 29–77.

Sanev V. 1987 Čakovec naselba od Raniot i Sreden Neolit. *Arheološki pregled 12*: Ljubljana, 1987. 39-40.

Pero SINADINOVSKI, Saško VASILEVSKI, Jovica RISTOV,
Rade ATANSOV, Natalija MARCEVSKA

ARCHAEOLOGICAL EXCAVATIONS AT THE SITE BEGOVO POLE NEAR THE VILLAGE DRENOVO, KAVADARCI

Resume

The archaeological site of Begovo Pole was first identified in 2009 by Sashko Vasilevski, with an initial reconnaissance survey undertaken in 2014. This preliminary investigation yielded ceramic fragments and other movable material, indicating occupation during the Neolithic and Roman periods. Systematic excavations commenced in 2025, providing significant data concerning the site's stratigraphy, chronological framework, and the internal organization of a portion of the Neolithic settlement. Three trenches - designated as Trench 1, Trench 2, and Trench 3 - were opened. Trenches 1 and 2 partially reached the subsoil, while Trench 3 extended only to the rubble layer associated with the Roman period.

Trench 1 was positioned in the western section of the plot designated for excavation. It was oriented along an east–west axis and measured 11 x 3 meters, with an additional extension along the southern profile measuring 0.80 x 1.5 meters. Within this trench, three distinct cultural layers were identified, each clearly differentiated by a thin stratum of grayish-black soil covering the floor level, as well as by the presence of postholes associated with structural features. In the first cultural layer, at the center of the trench, the remains of a hearth were uncovered. Evidence suggests that it was once covered by a light superstructure, as indicated by a ring of small postholes surrounding it. To the east of the hearth, several stone querns were found, along with Pit 1, located adjacent to the eastern profile of the trench. The second cultural layer yielded another hearth, irregular and ovoid in form, of which only the stone substructure was preserved. Associated finds included animal bone fragments and ceramic sherds. Two pits (Pit 1 and Pit 2) were identified to the northeast of the hearth, partially intruding into the northern profile. In the northeast corner of the trench, over an area measuring approximately 2 x 1 meters, a thin layer of red, fired earth was observed - likely representing the remains of a structure, the walls of which appear to have been coated with a thin clay-like layer. The third cultural layer revealed further remains of a hearth substructure, exhibiting the same form and material composition as that discovered in the preceding layer. The Roman cultural horizon was represented by a large pit that partially intruded into the southeastern section of the trench. Within this feature, a sizable pithos was discovered, clearly attributable to the Roman period.

Trench 2 was positioned approximately 30 meters northeast of Trench 1, oriented along an east - west axis and measuring 3 x 4 meters. In the first cultural layer, five pits were identified. Pit 5 was partially covered by fragments of daub (plaster), likely originating from a larger architectural structure. Two stone querns were also recovered from this layer, similar to those discovered in the first layer of Trench 1. The second cultural layer revealed, as in Trench 1, a thin deposit of red, baked earth extending over an area of approximately 2.40 x 1.20 meters. Adjacent to the southern profile of this segment, a linear arrangement of stones was recorded, continuing into the profile itself, suggesting the remains of a structural feature. The third cultural layer consisted of dark, humic soil comparable to that observed in Trench 1, though here it was intermixed with a sandy deposit concentrated in the northwestern corner of the trench. Within this layer, two larger pits were uncovered, accompanied by several smaller stake-holes. The fourth cultural layer, excavated over an area of 2 x 2 meters, was distinguished by its compact dark soil. Around this layer, two additional pits were identified, along with several small postholes indicating the placement of wooden stakes.

Trench 3 was positioned approximately 3 meters north of Trench 2, with the primary objective of investigating the remains of a Roman-period structure,

the traces of which were visible on the surface of the field. From the onset of excavation, a substantial rubble layer attributable to the Roman period was encountered. This deposit consisted of stones, ceramic roof tiles, and numerous pottery fragments. The layer was documented in detail but left in situ for future, more extensive excavations of the associated architectural remains.

These trial excavations were concentrated in the central sector of the settlement, an area which - based on the excavated features - appears to have been used primarily for activities conducted outside domestic structures, most likely associated with the preparation and consumption of food. This interpretation is supported by the presence of stone querns, hearths, and storage or refuse pits, while the remains of thin daub layers identified in the second cultural horizon may be attributed to small ancillary or workshop structures functionally connected with these activities. The cultural and chronological attribution of the Neolithic horizon has been proposed on the basis of a preliminary examination of the recovered ceramic assemblage. A detailed typological and technological analysis of the pottery will, however, be necessary to refine the site's chronology and better define its cultural characteristics. On the basis of the principal ceramic traits - particularly those of the fine ware - the Begovo Pole settlement appears to have developed under strong influence from the Velushina - Porodin cultural complex, which flourished in the Pelagonia region and is represented by four developmental phases (I - IV). These influences likely reached the site along the course of the Raechka River and its pleasant valley.